**УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА - СКОПЈЕ**
ОРГАНИЗИРА ИЗЛОЖБА ВО Р. О.
„**А Л К А Л О И Д**" — СКОПЈЕ

# СЛИКАРСКИ ТЕХНИКИ

ОТВОРЕНА ОД 22-V — 26-V 1978 ГОД.

Општиот свет на уметностите го сочинуваат книжевноста, музиката, ликовната уметност, глумата и танцот.

Ликовната уметност содржи главни гранки: Сликарството со графиката, скулптурата и архитектурата, кои меѓусебно се разликуваат по тоа што секоја од нив има сопствени, оригинални изразни средства. Основно средство на изразување во ликовната уметност е обликот.

Сликарството во основа е ликовна уметност која се изразува преку црта, боја и површина и затоа се вели дека тоа е дводимензионално изразување, за разлика од скулптурата и архитектурата кои се тродимензионални.

Во сликарството ги среќаваме, најчесто следните сликарски техники: пастел, акварел, темпера, фреска, енкаустика, масло, додавајќи ги тука мозаикот, таписеријата и витражот.

Секоја сликарска техника претставува посебен визуелен ефект кој можеме да го уживаме еднакво како кога слушаме звуци од некој муички инструмент.

## ПАСТЕЛ

— мека сликарска техника во која се применува сува боја во вид на креда.

Се вели дека, уметниците кои сликаат во пастелна техника, имаат „лесна" рака бидејќи е навистина голема мајсторија да се наслика површина која дише слободно, замаглена и лелујава обвивајќи ги предметите и фигурите. Оваа техника ја нарекуваат сликарско шепотење.

## АКВАРЕЛ

— сликарска техника со водена боја.

Акварелистите сликаат такви мотиви преку кои се постигнува акварел да го покаже сиот сјај на природата. Сликајќи ја водата „совода", акварелистите постигнуваат посебна ликовна прозирност.

## ТЕМПЕРА

— се состои од боја во прав разредена со раствор од лепило на која се додава врзивни средства: јајца, смоквино млеко и др.

Сликањето со темпера бои и техника која се применувала во постаро време. Сликарите кои одбегнуваат наметливи бои и брзи потези се прави мајстори на температа. Оваа техника можат да ја применуваат оние уметници кои го постигнуваат најтешкото во уметноста: најрафинираните моменти до крај да ги поедностават.

Со темпера може да се слика на дрвена плоча, хартија, стакло, платно и друго.

## ФРЕСКА

Името фреска доаѓа од италијанскиот збор „Фреско“ што значи — свеж.

Оваа техника е всушност свежо сликање на ѕид. Техниката се состои од боја во прав помешана со варна вода. Сликарот на оваа техника прави предходно нацрт на картон, кој му служи како мустра.

## ЕНКАУСТИКА

Енкаустиката е слична на маслената техника.

Боите се мешаат со восок, се пренесуваат со метално стапче на дрвена подлога, мраморна или од слонова коска.

## МАСЛО

Боите за маслената техника се прават од масла кои се мешаат со ленено масло или терпентин и најчесто се слика на платнена подлога.

За оваа техника е карактеристично тоа што може да се постигне огромен контраст на боите, од најтемното до најсветлото.

## МОЗАИК, ВИТРАЖ И ТАПИСЕРИЈА

Овие три техники за разлика од претходните се меѓусебно сродни по тоа што бојата се изразува со различен материјал: камен, стакло и волна.

— Мозаикот се изведува така што се слагаат разнобојни коцкички од камен, глазирана керамика или стакло на малтерна основа.

— Витражот се прави со помош на разнобојно стакло во разновидни форми кои се врамуваат со словни спојници. Се става на прозор низ кои минува светлина создавајќи најсјајни бои меѓу сите сликарски техники.

— Таписеријата се изработува од волна, понекогаш свила, но се користат и златни и сребрени нитки.

За сите овие техники се користат претходно направени скици односно картони.

## К А Т А Л О Г

1. Коста Шкодреано — Детски портрет
ПАСТЕЛ
2. Љубомир Белогаски — Мотив од село
АКВАРЕЛ
3. Ванѓел Коџоман — Блед
АКВАРЕЛ
4. Димитар Пандилов — Орач
АКВАРЕЛ
5. Димитар Пандилов — Мостот на Дрим
МАСЛО НА ПЛАТНО
6. Томо Владимирски — Старо Скопје
МАСЛО НА ПЛАТНО
7. Ванчо Ѓеорѓиев — Мртва природа
МАСЛО НА ШПЕР
8. Пецо Видимче — Сеќавање
ТЕМПЕРА
9. Борко Лазески — Мотив од Париз
ТЕМПЕРА
10. Здравко Блажиќ — Триптих
ЕНКАУСТИКА
11. Лазар Личеноски — Везилка
МОЗАИК
12. Лазар Личеноски — Диви пајки
МОЗАИК
13. Димче Коцо — Таписерија I
ТАПИСЕРИЈА
14. Мира Спироска — Литургија I
ТАПИСЕРИЈА
15. Борко Лазески — Проект за витраж
16. Копија од фреска
17. Копија од фреска
18. Копија од фреска